Врз основа на 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-342/5 од 27.01.2022 година, донесен на 3-та седница одржана на 27.01.2022 година, се изготви Пречистен текст на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Пречистениот текст на Правилникот за користење на службени мобилни телефони во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ги опфаќа: Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-4045/1 од 16.06.2015 година, Правилникот, бр.01-1087/1 од 23.02.2016 година, за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-4045/1 од 16.06.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-388/1 од 28.01.2022 година.

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
**(Пречистен текст)**

## Член 1

## Предмет

Со овој Правилник се уредува начинот и условите на користењето на службен мобилен телефон со што се опфатени: правото на користење на службен мобилен телефон, ограничување на износот на сметките и други прашања поврзани со користењето на службен мобилен телефон.

## Член 2

## Право на користење на службен мобилен телефон со ограничување на износот на сметката

(1) Право на користење на службен мобилен телефон, со ограничување на висината на сметките до определениот износ имаат:

- Претседателот на Советот и директорот на Агенцијата: 4.500,00 денари;
- Заменикот на претседателот на Советот и заменикот на директорот на Агенцијата: 3.500,00 денари;
- Членовите на Советот на Агенцијата: 2.500,00 денари;
- Раководители на сектори и помошници раководители на сектори: 1.000,00 денари;
- Раководители на одделенија 500,00 денари; и
- други вработени 250,00 денари.

(2) Во износите наведени во став (1) на овој член не се пресметани: месечната претплата, роамингот, данокот на додадена вредност и користењето на основните опции кои ги нуди мобилниот оператор.

(3) Надминувањето на дозволените ограничувања на висината на сметките утврдени во став 1 на овој член, до висина на тие износи, се одобрува со решение од страна на директорот на Агенцијата, кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи, а за директорот на Агенцијата се одобрува со решение од страна на заменик на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата.

(4) Надминувањето на дозволените ограничувања на висината на сметките утврдени во став 1 на овој член, до висина на тие износи, за услугата – роаминг, се одобрува со решение од страна на директорот на Агенцијата, кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи, а за директорот на Агенцијата се одобрува со решение од страна на заменик на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата.

(5) По исклучок, врз основа на решение на директорот на Агенцијата, се одобрува надминување на дозволените ограничувања на висината на сметките наведени во став (3) на овој член и надминување на ограничувањето за услугата - роаминг определен во став (4) на овој член, а за директорот на Агенцијата врз основа на решение од страна на заменик на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата.

(6) На корисниците на службените мобилни телефони кои ги пречекориле дозволените ограничувања, наведени во овој член од Правилникот, ќе им се изврши задршка од платата во висина на разликата од утврденото ограничување и висината на сметката, за што при задолжувањето со мобилниот телефон потпишуваат изјава.

(7) Корисниците на службен мобилен телефон определени во овој член можат да бидат задолжени само со по една сим картичка и со по еден службен мобилен телефон.

**Член 3**

**Право на користење на службен мобилен телефон со ограничување на износот на сметката на други вработени во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

(1) Право на користење на службен мобилен телефон со ограничување на висината на сметките до определен износ, им се признава и на други вработени лица во организационите единици во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(2) Правото на користење на службен мобилен телефон за лицата наведени во став 1 на овој член, се со ограничување во висина на месечната претплата.

(3) Надминувањето на дозволеното ограничување на висината на сметките утврдени во став 2 на овој член, до висина на тоа ограничување, се одобрува со решение од страна на директорот на Агенцијата, кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи.

(4) Надминувањето на дозволеното ограничување на висината на сметките утврдени во став 2 на овој член, до висина на тоа ограничување, за услугата – роаминг, се одобрува со решение од страна на директорот на Агенцијата, кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи.

(5) По исклучок, надминувањето на дозволениот износ наведен во став 3 на овој член и надминување на лимитот за роаминг определен во став (4) на овој член, се одобрува со решение од страна на директорот на Агенцијата, кога тоа е поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи.

(6) На корисниците на службените мобилни телефони кои ги пречекориле ограничувањата утврдени во ставовите (2) и (4) на овој член од Правилникот, ќе им се изврши задршка од платата во висина на разликата од утврденото ограничување и висината на сметката, за што при задолжувањето со мобилниот телефон потпишуваат изјава.

(7) Корисниците на службен мобилен телефон определени во овој член можат да бидат задолжени само со по една сим картичка и со по еден службен мобилен телефон.

**Член 4**
**Отуѓување и расходување на службен мобилен телефон**

(1) Периодот за амортизација на службените мобилни телефони согласно Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на Република Македонија" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13), а со оглед на брзиот технолошки развој на овој тип на уреди, изнесува 2 (две) години.

(2) Секој вработен кој е задолжен со службен мобилен телефон е должен да се грижи за истиот и во случај на негово механичко оштетување, должен е да го доведе до исправна состојба на свој трошок, и нема право да побарува нов поради оштетување на претходно дадениот мобилен телефон.

(3) Во случај на губење вработениот е должен да ја надомести разликата согласно утврдената амортизација на службениот мобилен телефон.

(4) Во случај на кражба задолжително да се достави полициски записник, и доколку е оправдано образложението, вработениот нема да се терети со сметководствената вредност, а со Пописот на основни средства ќе се изврши отпис.

(5) Доколку во периодот за амортизација утврден во став 1 на овој член, истече времето за кое се именувани членовите на Советот на Агенцијата, истече мандатот на директорот на Агенцијата, заменик на директорот на Агенцијата или престане работниот однос на вработен во Агенцијата, лицата се должни службените мобилни телефони добиени со субвенција во рок од 2 (два) работни дена да ги вратат во Секторот за информатичка поддршка и општи работи, во добра состојба или доколку одлучат да ги задржат истите се должни на Агенцијата да и ја надоместат разликата согласно утврдената амортизација на службениот мобилен телефон добиен со субвенција. Директорот на Агенцијата донесува одлука за отуѓување на службени мобилни телефони по претходно добиена согласност од Советот на Агенцијата.

(6) По истекот на рокот за амортизација утврден во став 1 на овој член, службените мобилни телефони добиени со субвенција се расходуваат по предлог на Комисија формирана за таа намена, за што директорот на Агенцијата донесува одлука за расходување на службен мобилен телефон. Расходуваните мобилни телефони добиени со субвенција, може да се предадат на лицата кои дотогаш ги користеле врз основа на поднесено барање и потпишан записник за примопредавање, а истите ќе се отпишат при попис на основните средства.

(7) Расходуваните мобилни телефони може да се отуѓат и по пат на подарок за хуманитарни цели или по пат на уништување.

**Член 5**

(Член 5 од Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-862/1 од 04.02.2015 година)

**Завршни одредби**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење на службени мобилни телефони во Советот за радиодифузија на РМ бр.01-3821/1 од 12.07.2012 година.

**Член 6**

(Член 3 од Правилникот, бр.01-1087/1 од 23.02.2016 година за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-4045/1 од 16.06.2015 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3 Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.01-4045/1 од 16.06.2015 година, влегува во сила од наредниот ден од денот на неговото донесување и ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 7**

(Член 7 од Правилникот, бр.01-388/1 од 28.01.2022 година за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.** 01-498/1

07-02- **2022 година**

**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**